фашистичка Бугарија во советскиот печат за време на Втората светска војна, собрани и систематизирани во оваа публикација од страна на д-р Растислав Терзиоски, кој подолго време работи врз истражувањето и обработувањето на материјали од оваа проблематика, недвосмислено нè упатуваат на еден општ заклучок за вистинското место и улога на фашистичка Бугарија за време на Втората светска војна. Имено, нејзините владеачки кругови на чело со царот Борис ја вовлекле оваа земја во војна против антифашистичките сили, загазувајќи со тоа длабоко во воените злосторства спрема народите на Југославија и Грција а посебно спрема српскиот, македонскиот и грчкиот народ. Од презентираниве материјали сосема отворено се гледа и нивната цел дека со таквата политика мечтаеле да се остварат великобугарските претензии на бугарската буржоазија во лицето на една голема Бугарија. Оваа публикација претставува значаен придонес во нашата историографија бидејќи објавените прилози даваат можност за отстранување на некои напластени невистини, посебно во Народна Република Бугарија, каде отворено се фалсификуваат вистинското место и улогата на фашистичка Цар -Борисова Бугарија за време на Втората светска војна.

Владимир КАРТОВ

## Д-Р ВЕРА ВЕСКОВИЌ-ВАНГЕЛИ, ЖЕНАТА ВО РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1941—1945, СКОПЈЕ, 1982.

Во крајот на 1982 година излезе од печат трудот на д-р Вера Весковиќ-Вангели со наслов: „Жената во револуцијата во Македонија 1941—1945“ во издание на Институтот за национална историја Скопје и на Заводот за унапредување на стопанството на СР Македонија — Скопје.

Студијата по својата сеопфатност и димензии за учеството на жената во НО војна и револуцијата во историографијата на Македонија па и на Југославија би можела да се вброи меѓу првите од таков вид. Таа е настаната врз база на повеќегодишни сеопфатни истражувања во архивските институции во Републиката и во другите архивски центри на Југославија. Евидентно е дека максимално е користена постојната литература за Народноослободителната војна и револуцијата во Македонија и пошироко на Југославија. Недостатокот на архивски извори по одделни проблеми е надополнет со критичко користење на мемоарската литература и со дирекни анкетирања на непосредните актери во настаните.

Композицијата на трудот за авторот секако претставува еден од најтешките проблеми. Тоа е причината што В. Весковиќ-Вангели морала да води сметка да ја расветли улогата и придонесот на жената во Ослободителната војна и револуцијата, а при тоа, од целината, да се издвои делот што ѝ припаѓа на ж,ената. Затоа, треба да се одбележи фактот дека д-р Вангели успеала материјата во трудот така композициски да ја

распореди што да биде опфатена сестраната дејност и улогата на жената во Ослободителната војна и револуцијата.

Монографијата е составена од пет дела. Во Првиот дел е обработена тројната окупација на Македонија и легалните форми на отпорот на жената. Всушност, тука авторот ја расветлува положбата на целиот македонски народ а во тој контекст и на жената во условите на фашистичката окупација на Македонија и нејзиното ново распарчување под германска, италијанска и бугарска окупација. И не само тоа, дадено е место на карактерот на првите форми на отпор под раководство на КПЈ против големобугарската дејност за впрегнување на жената во фашистичкиот режим преку организирање на фашистички организации.

Вториот и третиот дел всушност се носечки делови на оваа монографија. Во вториот дел со наслов „Учеството на жената во илегалниот фронт на задницата во народноослободителното движење 1941—1945“ авторот го расветлува местото и улогата на жената во време на подготовките на КПЈ во Македонија за вооружено востание, на дејноста на комисиите за работа со жените, понатаму за ангажираноста на жената во собирањето на народна помош, уделот во работата на партиските техники, во антиокупаторските демонстрации и акции како и во известувачката и курирската сфера на дејствување.

Во третиот дел научно се расветлува придонесот на жената во вооружените формации во Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија од аспектот: жената како борец во партизанските одреди и во воените единици и како политички активист на слободната територија Континуираното и автентично учество на жената во борбата за национални, социјални и политички права доаѓа до полн израз преку нејзиното рамноправно учество во партизанските и воените единици. Со право авторот на овој дел од борбата на жената му посветува посебно внимание расветлувајќи ја вистината дека жената во вооружената борба не беше помошен и придружен дел туку рамноправен фактор. Впрочем другарот Тито во февруари 1942 година ја даде следната инструкција: „Бидејќи има сѐ повеќе барања од жените да одат во одредите, ние решивме тие да се примаат во одредите не само како болничарки туку и како борци. Би била вистинска срамота за нас, ако не им овозможиме на жените со пушка во рака да се борат за идното ослободување“.

Еден дел од трудот го разработува проблемот за теророт над оној дел од жените кои паднаа во раце на окупаторот како и теророт воопшто, потоа, на издржливоста на жената во окови, нејзината храброст и самопрегорност под теророт на окупаторот во затворите и надвор од нив, пред воено-преки те судови и во логорите во Бугарија и Албанија, и во другите делови на окупирана Европа. Тоа всушност беше дел од општиот фронт на борбата против фашизмот на два нерамноправни фактори — едниот ги имаше средствата за принуда, а жените — својата верба во победата.

Последниот, петти, дел е посветен на афирмацијата на борбата

за рамноправност — жената на Првото заседание на АСНОМ, во конституирањето на Антифашистичкиот фронт на жените, па сè до нејзината улога во спроведување во живот на паролата „Сè за фронтот — сè за победата!“.

Следејќи ги аспектите на кои авторот обрнал внимание, паѓа во очи вистината, дека жената на Македонија е активен чинител во борбата против окупаторот, и дека таа борба претставува континуирано продолжување на класната и националната борба во периодот меѓу двете светски војни и пред тоа.

Врз база на богата документација, авторот научно ја презентира борбата на жената во Македонија, не изолирано од општата борба, туку како составен дел на борбата на сета работничка класа предводена од КПЈ, како составен дел на антифашистичката борба за национално и социјално ослободување.

Проблемот за придонесот на жената од денешната територија на СРМ во Ослободителната војна и револуција, авторот го расветлува во контекстот на меѓународните настани во текот на Втората светска војна, воениот слом на Кралството Југославија и во Ослободителната војна на народите и народностите на Југославија.

Имајќи ја предвид обесправеноста на жената во условите на ненародните и фашистички режими, д-р Вера Вангели ја збогатува содржината на овој труд со извлекување и разработување на фундаменталните ставови на КПЈ по прашањето за разрешување на нееднаквата положба на жената како и сите оние причини што ја мотивираа жената да земе учество во НО војна и револуцијата.

Монографијата го привлекува вниманието и по тоа, што се навлегува во анализа на националниот, социјалниот и политичкиот состав на жените. Се дава одговор и на прашањето кој дел од жените во која етапа на Ослободителната војна и револуцијата имаат водечка и примарна улога. Така се дошло до заклучокот дека во првите две години учесничките во НО движење се во најголемиот дел од редовите на работничката класа од градот, а во прв ред монополските и текстилните работнички. Во втората етапа, односно во 1943 и 1944 година приматот по бројност го зазема жената од село итн.

Со овој труд „Жената во револуцијата во Македонија 1941—1945“ историјата на Ослободителната војна и револуцијата во Македонија се расветлува од друга димензија, од друг аспект што досега не го нашол своето место. Затоа, слободно можеме да кажеме дека со трудот на д-р Вангели научната и другата јавност добиваат една мошне корисна документирана публикација. Истовремено во македонската и југословенската историографија се пополнува една мошне осетна празнина.

Миле ТОДОРОВСКИ